Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 19-07-2021
Орг.Един. / Njësia Org.: 32-
Број / Numër: 44/6

**Влада на Република Северна Македонија**
Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

**ПРИЈАВА**
**за учество на пет претставници на граѓанското општество во Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации**

По Јавен повик објавен на ден 7.7.2021 година

## Податоци за организацијата

### 1. Општи податоци

Име на здружението/фондацијата: Рурална Коалиција

Седиште и адреса: село Режановце, Куманово

Регистарски број (ЕМБС) и датум на упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија: 6882102

Единствен даночен број: 4017013522825

Телефон за контакт и е – пошта: 078/303-735; e-mail: rkoalicija@gmail.com

Име и презиме на овластеното лице за застапување: Лилјана Јоноски

Област/и на дејствување согласно Статутот: Земјоделство и рурален развој, родова еднаквост во руралните средини, развој на граѓанското општество

## Податоци за кандидатот

### 1. Општи податоци

Име и презиме на кандидатот: Лилјана Јоноски

Вид и степен на образование: М-р по правни науки

Телефон за контакт и е - пошта: 078/303-735; e-mail: liljana.jonoski@gmail.com

**2. Професионално искуство на кандидатот**

Број на години на работно или волонтерско искуство во граѓанското општество на прашања во областите: финансиска одржливост или развој на граѓанското општество:

*Лилјана Јоноски, м-р по правни науки, зад себе има 14 годишно искуство и работа во секторот земјоделство и рурален развој, но и профилиран експерт со длабоко познавање на процесите на вклучување и имплементација на правото на родова еднаквост во општественото живеење со фокус на руралните средини. Како извршна директорка на Рурална коалиција и активен чинител во граѓанското општество, Лилјана дава континуиран придонес особено во развојот на локалните мали grass root организации со оглед на тоа што Коалицијата која што ја предводи е составена од вкупно 45 здруженија од сите 8 плански региони, па меѓудругото таа е и експерт за организациски развој и стратешко планирање на граѓанските организации. Зад себе има реализирано над 30 меѓународни и национални проекти со различен дијапазон и обем на активности, докажана како обучувач, фасилитатор модератор, член на бројни работни тела, меѓу кои што и во работната група во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за родова еднаквост и економско јакнење на жените од руралните средини која што работи со поддршка на UN Women, членка на секторската работна група за локален и регионален развој при Министерството за локална самоуправа, а до неодамна и членка во првиот состав на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор. Членка на ИПАРД мониторинг комитетот каде што се следи и трошењето на европските пари во секторот земјоделство и рурален развој, а беше дел и од работната група на граѓански организации која што работеше на изработката на првиот предлог модел за вклучување на грашанските организации во процесите на преговори со ЕУ. Надворешен соработник на Правниот факултет во Кичево веќе 7-ма година по ред.*

Експертиза во областите: финансиска одржливост или развој на граѓанското општество (број на спроведени проекти, објавени публикации, учество во работни групи, иницирање и учество во процеси за застапување и сл.)

*Дел од членството во работни групи веќе споменато е погоре, понатаму Лилјана ја предводеше Рурална Коалиција и во една од најголемите акции за застапување во секторот земјоделство, кога се креираше Програмата за рурален развој по терк и мерка на земјоделецот, 2018 година, при што најголемиот дел од препораките кои што во тој период влегоа во националната Програма за рурален развој се применуваат и денес, а акцијата за лобирање и застапување беше насочена кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (https://zelenaberza.com.mk/programata-za-ruralen-razvoj/). Како дел пак од работната група за родова еднаквост во МЗШВ, Рурална Коалиција преку членството на Лилјана Јоноски во истата, активно учествуваше во процесот на конципирање на првата мерка за економско јакнење на жените од руралните средини, мерка 115 која што за прв пат беше објавена во текот на 2019 година (http://www.mzsv.gov.mk/Events.aspx?IdRoot=1&IdLanguage=1&News=814). Преку проектот за институционално јакнење на Цивика мобилитас, организацијата активно дава техничка и правна поддршка на 45 локални здруженија, при што Лилјана Јоноски е активно вклучена во процесите на стратешко планирање, изготвување на интерни акти за организациски развој, а како надворешен експерт Лилјана има изготвено 10 стратешки планови, како и програми за работа на локални здруженија, а активна е и*

*како ментор за изготвување на политики, деловници, правилници за работа на локални здруженија, па така во своето портфолио има изготвено над 30 вакви документи за 15 различни здруженија на локално ниво. Особено активна кампања беше спроведена и во текот на 2018 година каде што за прв пат беа отворени многу процеси во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кои што се насочени кон вклучување и поддршка на граѓанските организации во процесите на креирање на политики и донесување на јавни одлуки, при што за прв пат се објави јавно повикот за финансиска поддршка на здруженијата во секторот, а јавно достапни станаа и голем број на регистри во рамките на Министерството како тие за економски и социјални партнери и слично. (https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/zemjodeltsite-go-otsenija-dvojka-ministerstvoto-za-zemjodelie/)*

*Издадени над 30 публикации, документи за јавни политики, анализи и истражувања. Дел од истите се достапни на следните линкови:*

*Механизми за вклучување на граѓанските организации во консултативните процеси во секторот земјоделство и рурален развој - https://rural.mk/wp-content/uploads/2021/04/%D0%9C%D0%B5%D1%85%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B7%D0%BC%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%B4%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%BE%D0%B3-%D0%B8-%D0%B2%D0%BA%D0%BB%D1%83%D1%87%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BE%D1%80%D0%B3%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%86%D0%B5%D1%81%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B8-%D0%B8.pdf*

*Вклучување на родовите перспективи во секторот земјоделство и рурален развој - https://rural.mk/wp-content/uploads/2021/02/%D0%92%D0%BA%D0%BB%D1%83%D1%87%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D0%B5%D1%80%D1%81%D0%BF%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B7%D0%B0-%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D1%98%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-%D0%B8-%D1%80%D1%83%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-2.pdf*

*Анализа за Ковид 19 и неговото влијание врз родот (ОБСЕ) - https://www.osce.org/mk/mission-to-skopje/480413*

*Анализа на мерките од пакетите на Владата на РСМ од аспект на родовата сензитивност на истите - http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/2.0-Covid-19-%D0%B8-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0%D1%98%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD.pdf*

*Членка на регионалната балканска секторска група за земјоделство и рурален развој и национален експерт за изготвување на извештај за влијанието на Ковид 19 пандемијата врз секторот земјоделство и рурален развој - https://seerural.org/news/final-meeting-of-the-reawg-on-the-impact-of-covid-19-on-agriculture-food-and-rural-areas-in-the-wb-5-february-2021/*
*Национален експерт за изготвување на првата стратегија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за воведување на училишни шеми во градинките и основните училишта за употреба на свежи земјоделски производи*
*Извештај за дигитална писменост и користењето на е-услугите во руралните средини - https://rural.mk/wp-content/uploads/2021/04/%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%B4%D0%B8%D0%B3%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-1.pdf*
*Истражувач за квалитетот на јавните услуги во секторот земјоделство и рурален развој - https://rural.mk/wp-content/uploads/2020/11/Zbirka-istrazuvanja-na-javni-uslugi.pdf итн.*
*Последниот извештај во чија што подготовка учествуваше кандидатот заедно со програмскиот тим на Рурална Коалиција е токму анализа на државното финансирање на национално и локално ниво, па во работната група дефинитивно треба да има барем еден член кој што добро ги познава процесите на финансирање на локално ниво се со цел во реформата на државното финансирање да бидат вклучени сите аспекти од околината во која што делуваат граѓанските организации. Целосната анализа е достапна тука: https://rural.mk/publikacii/ Исто така, Рурална Коалиција изминатата година изработи и календар со генерални датуми на објави на повици од органите на државната управа, а се со цел граѓанските организации, особено оние на локално ниво, да може да имаат предвидливост и да ги планираат своите капацитети и ресурси. Календарот е достапен тука: https://rural.mk/wp-content/uploads/2021/01/%D0%97%D0%B5%D0%BC-%D0%9A%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80-%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%86%D0%B8.pdf*

Активно познавање на англискиот јазик **Одлично**

**3. Дали кандидатот е:**

| | | |
|---|---|---|
| Член на орган на политичка партија | ☐ да | ✓ не |
| Избрано или именувано лице | ☐ да | ✓ не |
| Вработен во орган на државната управа | ☐ да | ✓ не |

Место и датум
Кичево, 16.07.2021

МП

Потпис на овластеното лице за застапување

# Curriculum Vitae



## Лични податоци

Име/ Презиме **Лилјана К. Јоноски**

Адреса 4-ти Јули бр.184/10-1, 6250, Кичево, Република Македонија

Телефони +389 78 303 735

E-mail liljana.jonoski@gmail.com

Националност Македонка

Датум на раѓање 03. 05. 1984

Пол Ж

## Работно искуство

Датум Декември 2013 -

Позиција Извршна директорка

Главни активности и одговорности
- Програмско и координативно работење во организација
- Следење, планирање и придонес кон процесите на стратешки и организациски развој
- Иницирање на соработка со национални и меѓународни организации
- Воспоставување на соработка со институциите и општините
- Вклучување во процесите на креирање на политики, донесување на јавни одлуки на локално и национално ниво
- Project cycle management

Име и адреса на работодавачот Рурална Коалиција

Датум Март 2021 -

Позиција National expert

Главни активности и одговорности
- Анализа на степенот на дигитализација на руралното население
- Деск и теренско истражување на потребите од надоградба на дигиталната писменост на населението во руралните средини
- Организирање на 3 фокус групи со претставници од институции и локални семејни земјоделски стопанства на тема дигитализација во земјоделството
- Мониторинг и евалуација на процесот на он-лине комуникација во руралните средини
- Изработка на национален извештај за процесите на дигитализација во секторот секторот земјоделство и рурален развој со посебен дел за влијанието на Ковид 19 врз процесите

Име и адреса на работодавачот FAO – Food and Agriculture Organization of Untied Nations

Датум Ноември 2020 - Февруари 2021

Позиција National expert

Главни активности и одговорности
- Анализа на состојбите и ефектите од КОВИД 19 во секторот земјоделство и рурален развој
- Деск и теренско истражување на социјалните и економски ефекти на пандемијата врз руралните средини
- Организирање на 5 фокус групи со претставници од институции и локални семејни земјоделски стопанства
- Спроведување на интервјуа со Министерство за земјоделство, Платежна агенција, Министерство за економија и Министерство за труд и социјална политика
- Мониторинг на ефектите од владините мерки за справување со Ковид 19 во секторот земјоделство и рурален развој
- Изработка на национален и регионален извештај во соработка со земјите од Западен Балкан за влијанието на Ковид 19 во секторот земјоделство и рурален развој

Име и адреса на работодавачот SWG – Sectorial Working Group of Western Balkan countries

Датум Јуни 2020 - Декември 2020

Позиција Local researcher


For more information on Europass go to http://europass.cedefop.europa.eu
© European Union, 2004-2010 24082010

Главни активности и одговорности
- Анализа на состојбите со испораката на јавни услуги од интерес на локалното население и достапност на истите во руралните средини во општините Куманово, Прилеп и Кичево
- Деск и теренско истражување на достапноста на јавните услуги, теренско истражување со анкетирање на 50 граѓани од 3-те општини
- Организирање на 3 фокус групи со претставници од локалните самоуправи и локалните институции
- Мониторинг и евалуација на квалитетот на издавањето на 10 различни услуги по електронски пат и на шалтер
- Изработка на национален извештај и прзентација на наодите од извештајот пред пратениците во Собранието на РСМ

Име и адреса на работодавачот: Центар за управување со промени

Датум: Мај 2020 - Декември 2020

Позиција: Local researcher

Главни активности и одговорности
- Анализа на состојбите и ефектите од КОВИД 19 врз жените од руралните средини
- Деск и теренско истражување на социјалните и економски ефекти на пандемијата врз родовата еднаквост во руралните средини
- Организирање на 10 фокус групи со претставници од институции и локални семејни земјоделски стопанства предводени од жени и мажи
- Спроведување на интервјуа со Министерство за земјоделство, Платежна агенција, Министерство за економија и Министерство за труд и социјална политика
- Мониторинг на ефектите од владините мерки за справување со Ковид 19 врз родовата еднаквост во секторот земјоделство и рурален развој
- Изработка на национален извештај во соработка со Центарот за истражување и креирање на политики

Име и адреса на работодавачот: OSCE/Центар за истражување и креирање на политики

Датум: Март 2020 - Ноември 2020

Позиција: Non-key expert

Главни активности и одговорности
- Реализирање на теренско истражување за моменталната состојба со употреба на свежо овошје и зеленчук во детски градинки и основни училишта
- Мониторинг и евалуација на програмските шеми за снабдување со храна во детски градинки и основни училишта
- Организирање на фокус групи со претставници од засегнатите институции во процесот (МЗШВ, Министерство за образование, Платежна агенција, Државен инспекторат за безбедност на храна, АХВ итн)
- Истражување и проценка на ЕУ стратегии за училишни шеми за свежо овошје и зеленчук, млеко и млечни производи

Име и адреса на работодавачот: ЕУ делегација/We Global house

Датум: Септември 2019 - Ноември 2019

Позиција: Консултант и обучувач

Главни активности и одговорности
- Подготовка на материјали и презентации за обука
- Одржување на два циклуси обуки на тема: Процес на стратешко планирање
- Подготовка на стратегија за лица со ретки болести

Име и адреса на работодавачот: Асоцијација на здруженија на лица со ретки болести

Датум: Март 2019 - Јули 2019

Позиција: Обучувач/фасилитатор

Главни активности и одговорности
- Подготовка на материјали и презентации за обука
- Одржување на два циклуси обуки на тема: Процес на стратешко планирање
- Подготовка на стратегија за млади за СДММ

Име и адреса на работодавачот: Прогрес Институт

Датум: Јуни 2019

Позиција: Обучувач/фасилитатор

Главни активности и одговорности
- Подготовка на материјали и презентации за обука
- Одржување на едно-дневна обука на тема: Раководење со проектен циклус

Име и адреса на работодавачот: Мрежа за рурален развој на РМ


© European Union, 2004-2010 24082010

| | |
|---|---|
| Датум | Јануари 2018 – Јуни 2019 |
| Позиција | Проектен менаџер |
| Главни активности и одговорности | - Координација и менаџирање на активностите во рамките на проектот “Вклучување на родовите аспекти во главните политики на земјоделството и руралниот развој “<br>- Анализа на секторски политики<br>- Одржување на 20 обуки и 15 инфо сесии на тема: ИПАРД повици и аплицирање со целна група жени и млади во рурални средини во Македонија<br>- Модератор/фасилитатор на 5 тркалезни маси со општините Куманово, Гостивар, Струга, Струмица и Прилеп и локалните институции кои што делуваат во секторот земјоделство и рурален развој |
| Име и адреса на работодавачот | Рурална Коалиција – Куманово |
| Датум | Февруари 2019 |
| Позиција | Обучувач |
| Главни активности и одговорности | - Подготовка на материјали и презентации за обука<br>- Одржување на 3-дневна обука на тема: Застапување, лобирање, вмрежување и зајакнување на граѓанските организации за 35 учесници од локални ГО<br>- Подготовка на извештај и заклучоци од обуката |
| Име и адреса на работодавачот | Мрежа за рурален развој на РМ |
| Датум | Септември 2018 – Декември 2018 |
| Позиција | Обучувач / фасилитатор / истражувач |
| Главни активности и одговорности | - Изготвување на материјали за обука за стратешко планирање за локален економски развој на општина Старо Нагоричане<br>- Одржување на 3 работилници и 1 тркалезна маса<br>- Изготвување на стратегија за локален економски развој на општина Старо Нагоричане 2019-2024 и акциски план за 2019 година |
| Име и адреса на работодавачот | АЛДА и општина Старо Нагоричане |
| Датум | Септември 2018 |
| Позиција | Обучувач |
| Главни активности и одговорности | - Дводневна обука на тема: Креирање и стратепки развој на Women Hub како работно тело на Балканската Мрежа за Рурален Развој (учесници од Македонија и Западен Балкан) |
| Име и адреса на работодавачот | Мрежа за Рурален Развој и WE Effect |
| Датум | Мај 2018 – Јануари 2018 |
| Позиција | Обучувач / фасилитатор / истражувач |
| Главни активности и одговорности | - Изготвување на материјали за обука за стратешко планирање за комуникација на општините со локалните граѓански организации и месни заедници<br>- Одржување на 3 работилници и 2 координативни средби<br>- Изготвување на стратегии за комуникација со граѓански организации и месни заедници за општините Кривогаштани и Богданци |
| Име и адреса на работодавачот | CNVP Foundation |
| Датум | Февруари 2018 – Јули 2018 |
| Позиција | Проектен координатор |
| Главни активности и одговорности | - Координација и менаџирање на активностите во рамките на проектот “Стратешкиот развој на руралниот туризам – основа за комплементарно надополнување на индустриската политика “<br>- Одржување на обуки во 5 плански региони за прибирање и обработка на податоци при теренско истражување како обучувач<br>- Модератор на 5 тркалезни маси со засегнати страни на локално ниво (институции, општини, граѓани итн.) на тема рурален туризам<br>- Финансиски и административен менаџмент |
| Име и адреса на работодавачот | Рурална Коалиција – Куманово |
| Датум | Јуни 2017 – Јануари 2018 |
| Позиција | Проектен координатор |


For more information on Europass go to http://europass.cedefop.europa.eu
© European Union, 2004-2010 24082010

| | |
|---|---|
| Главни активности и одговорности | - Координација и менаџирање на активностите во рамките на проектот "Отчетност со парите на граѓаните – реформа на јавната администрација кој тешко се достигнува"<br>- Одржување на обуки во 8-те плански региони за прибирање и обработка на податоци при теренско истражување<br>- Модератор на 3 тркалезни маси со засегнати страни на локално ниво (институции, општини, граѓани итн.)<br>- Финансиски и административен менаџмент |
| Име и адреса на работодавачот | Рурална Коалиција – Куманово |
| Датум | Мај 2017 – Јули 2018 |
| Позиција | Проектен координатор |
| Главни активности и одговорности | - Координација и менаџирање на активностите во рамките на проектот "Јакнење на капацитетите на здруженијата во секторот земјоделство и рурален развој во процесот на креирање и имплементација на јавни политики и документи"<br>- Одржување на 8 обуки за лобирање и застапување во 8 плански региони на локални здруженија како обучувач<br>- Модератор на 8 тркалезни маси<br>- Финансиски и административен менаџмент |
| Име и адреса на работодавачот | Рурална Коалиција/Програма за развој на граѓанското општество Цивика Мобилитас |
| Датум | Септември 2016 - Март 2017 |
| Позиција | Проектен координатор |
| Главни активности и одговорности | - Координација и менаџирање на активностите во рамките на проектот "Законите ги има, примената ја нема"<br>- Desktop и теренско истражување, анализа на законска и правна регулатива во Македонија и ЕУ, изготвување на извештаи, публикации во рамките на проектот<br>- Учество и редовно членство во рамките на ИПА 2 механизмот за граѓански организации |
| Име и адреса на работодавачот | Евротинк |
| Датум | Август 2016 - Февруари 2017 |
| Позиција | Проектен координатор/истражувач |
| Главни активности и одговорности | - Координација и менаџирање на активностите во рамките на проектот "Пазарна економија vs. институционални капацитети"<br>- Desktop и теренско истражување, изготвување на програми, извештаи, публикации, брошури во рамките на проектот<br>- Организација и имплементација на промотивни настани, семинари, работилници, дебати |
| Име и адреса на работодавачот | Рурална Коалиција/ФООМ |
| Датум | Август 2016 - Декември 2016 |
| Позиција | Регионален координатор/волонтер-истражувач |
| Главни активности и одговорности | - Координација и менаџирање на активностите во рамките на проектот "Состојбата на жените во претприемништвото во РМ"<br>- Desktop и теренско истражување, изготвување на анализи од добиени резултати, нивна јавна презентација пред донатори, учество во изработка на финална публикација на проектот<br>- Основање и координација на регионален клуб на жени-претприемачки |
| Име и адреса на работодавачот | Здружение на бизнис жени - Скопје |
| Датум | Август 2016 - Декември 2016 |
| Позиција | Координатор на проектен механизам |
| Главни активности и одговорности | - Координација и менаџирање на активностите во рамките на проектен механизам како посебна алатка за јакнење на капацитетите на организации - членки на Мрежа<br>- Одржување на обуки во континуитет за проектен циклус и пополнување на апликации во конкретниот проектен механизам на локални здруженија кои делуваат во сектор земјоделство и рурален развој<br>- Учество во изработка на самиот механизам, конципирање на повици за доставување на проектни иницијативи, административна и финансиска контрола при имплементација |
| Име и адреса на работодавачот | Мрежа за рурален развој на РМ/УСАИД |
| Датум | Август 2016 - Декември 2016 |
| Позиција | Координатор  на програма |


For more information on Europass go to http://europass.cedefop.europa.eu
© European Union, 2004-2010   24082010

| | |
|---|---|
| Главни активности и одговорности | - Истражување на состојбата во економијата во РМ, како и алармантните проблеми и потреби кои што бараат итно решавање преку канцелариско истражување и организирање на јавни дебати на темата<br>- Изработка на програма за економија и квалитетно земјоделство со конкретни мерки како предлог и придонес од граѓанскиот сектор доставен до политичките партии во предизборниот процес<br>- Јавна презентација на програмата пред политичките партии |
| Име и адреса на работодавачот | Фондација Фридрих Еберт (ФЕС) |
| Датум | Јули 2016 – Мај 2017 |
| Позиција | Локален координатор/експерт/истражувач |
| Главни активности и одговорности | - Координација и менаџирање на активностите во рамките на проектот "Македонска активна платформа за социјална инклузија"<br>- Идентификација на локални чинители, организирање на локални работилници за изработка на стратегија за социјална инклузија<br>- Изработка на стратегија за локална платформа за социјална инклузија за жени и млади на општина Кичево |
| Име и адреса на работодавачот | Институт за економски стратегии и меѓународни односи - Институт Охрид |
| Датум | Мај 2015 - Јули 2016 |
| Позиција | Проектен Асистент |
| Главни активности и одговорности | - Имплементација на административни и финансиски активности во рамките на проектот "Унифицирање на судската пракса во македонскиот правен систем" финансиран од Британска амбасада Скопје<br>- Истражување и изготвување на програми, извештаи, публикации за потребите на организацијата<br>- Организација и имплементација на промотивни настани, семинари, работилници |
| Име и адреса на работодавачот | Центар за правни истражувања и анализи - Скопје |
| Датум | Септември 2012 – Јуни 2016 |
| Позиција | Соработник/предавач |
| Главни активности и одговорности | - Изведување на настава и подготовка на материјали по предмети по право<br>- Истражување, пишување на трудови како и нивна објава и презентација на конференции<br>- Земање на учество како експерт во изработката прирачници, брошури, годишници |
| Име и адреса на работодавачот | Универзитет Св. Климент Охридски, Битола, Правен факултет-Кичево; Бизнис Академија Смилевски |

## Образование и обуки

| | |
|---|---|
| Датум | Февруари 2018 - Април 2019 |
| Област и покриени вештини | Собрание – начин на работа и функционирање, работни тела, комисии, вклучување на граѓанскиот сектор во работата на Собранието, подготовка и донесување на закони итн. |
| Име и вид на организацијата која што ја спровела обуката | SAMCA project – Dutch Embassy |
| Датум | Ноември 2007 - |
| Област и покриени вештини | Стекнати знаења за бројни области од интерес, презентациски и комуникациски вештини, проектни циклуси, стратешко планирање, учество во Луѓе за луѓе програмата на ЕУ, подготовка на проекти за прекугранична соработка, детални познавања во делот на ЕУ фондовите наменери за микро-економски развој на локално ниво, стратегии за локална организација и директно вклучување на локалното население во проектите, обуки за активно граѓанство, интерни интегратори/фасилитатори, лобирање и застапување, права на жените во делот на мирот и безбедноста и нивна социјална инклузија, изработка на стратегии и акциски планови, комуникација со медиуми, социјално претприемништво, мониторинг, јавни набавки итн |
| Име и вид на организацијата која што ја спровела обуката | TACSO (Technical Assistance for Civil Society Organization) во Македонија, British Council and European Youth Foundation, Albanian Agro Business Council, Заедница на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и Универзитетот на Југоисточна Европа, MGM Consulting, ALDA (Association of Local Democracy Agencies) and BTPL Consulting; УСАИД, Британска Амбасада, Мрежа за рурален развој, ДЕТРА центар, Бизнис Академија Смилевски, Македонско Женско Лоби, Институт за економски стратегии и меѓународни односи - Институт Охрид, МЦЕО, ЕПИ, ФЕС, Центар за граѓански комуникации, Цивика Мобилитас, Национален ресурсен центар итн. |


For more information on Europass go to http://europass.cedefop.europa.eu
© European Union, 2004-2010 24082010

| | |
|---|---|
| Датум | Февруари 2011 – Декември 2012 |
| Назив на стекната титула | Магистратура по Деловно/Бизнис Право |
| Област и покриени вештини | Претпријатија, трговски друштва, менаџмент, трговско право итн. |
| Име и вид на организацијата која што ја спровела обуката | Универзитет Св. Кирил и Методиј, Правен Факултет Јустинијан Први, Скопје |
| Датум | Октомври 2003 – Јуни 2007 |
| Назив на стекната титула | Дипломиран јавен администратор |
| Област и покриени вештини | Економија и право |
| Име и вид на организацијата во која е стекнато образованието | Универзитет Св. "Климент Охридски", Битола, Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи |
| Академски степен | Дипломиран јавен администратор |
| Мајчин јазик | **Македонски** |
| Други јазици | **Англиски, Француски, Албански, Српски** |
| Социјални вештини и способности<br>Организациски вештини и способности<br>Компјутерски вештини и способности | - Тимска работа, комуникациски вештини, способност за прилагодување и работа во мултикултурни и мултиетнички средини<br>- Одлично развиени организациски и менаџмент вештини, лидерство, аналитички способности, проект и тим менаџмент<br>- Microsoft Office package (Word, Excel, PowerPoint) |
| Препораки/референци | Проф. Д-р. Владимир Петкоски, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Економски Факултет, Скопје<br>Тел: 070/246-765<br>Проф. Д-р. Бранко Димески, Универзитет Св. Климент Охридски, Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи, Битола и Правен Факултет, Кичево<br>Тел.: 071/750-979, branko_dim@yahoo.com<br>Трајан Димковски, Извршен директор во Федерација на Фармери на Република Македонија<br>Тел. 078/421-541, dtrajan@t-home.mk<br>Елизабета Спасеноска-Маркоска, програмски координатор - Детра Центар, 070/275-240<br>Проф. Д-р. Дејан Витански, Универзитет Св. Климент Охридски, Правен факултет Кичево, Тел. 070/261-079, dvitanski@yahoo.com<br>Доцент д-р. Александар Јованоски, Универзитет Св. Климент Охридски, Правен факултет Кичево, Тел. 077/507-121, aleksandarjovanoski3@gmail.com<br>Фатон Јахја, Mabeland Group Gostivar Ltd., Гостивар, Тел. 077/624-757, faton.jahja@gmail.com<br>Лидија Стојкова-Зафировска, претседател на Центар за правни истражувања и анализи, lidijaszafirovska@gmail.com, тел. 071/356-516<br>Весела Ламбевска-Домазетова, претседател на Управен Одбор, Мрежа за рурален развој, тел. 070/343-513, vesela.ld@ruralnet.mk |


For more information on Europass go to http://europass.cedefop.europa.eu
© European Union, 2004-2010 24082010

Публикации

“Ковид 19 и родот“, Центар за истражување и креирање на политики, Скопје, 2020 година, http://antikorupcija.mk/uploads/records/file/2_0-Covid-19-%D0%B8-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0%D1%98%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD.pdf

“Анализа на влијанијата и од Ковид – САРС-19 на родот и различностите“, ОБСЕ, Скопје, 2020 година, https://www.osce.org/files/f/documents/1/9/480413.pdf

Национална стратегија за училишни шеми за употреба на свежо овошје и зеленчук и млеко и млечни производи, МЗШВ, Скопје, 2020 година

Национален извештај за состојбите во земјоделството и руралниот развој во Северна Македонија во периодот на пандемијата Ковид и пост-Ковид препораки, дел и од регионалниот извештај на земјите од Западен Балкан, SWG, март 2021,

“Вклучување на родовите перспективи во политиките за земјоделство и рурален развој“, ФООМ – Проект “Со Дијалог кон ЕУ“, Скопје, февруари 2021, https://rural.mk/wp-content/uploads/2021/02/%D0%92%D0%BA%D0%BB%D1%83%D1%87%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D0%B5%D1%80%D1%81%D0%BF%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B7%D0%B0-%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D1%98%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-%D0%B8-%D1%80%D1%83%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-2.pdf

“Збирка на истражувања за испорака на јавните услуги на централно и локално ниво“, Центар за управување со промени, 2020 година, https://cup.org.mk/publication/compendium-of-research-of-public-services-delivery-on-central-and-local-level



For more information on Europass go to http://europass.cedefop.europa.eu
© European Union, 2004-2010 24082010

# Профил - Рурална Коалиција

| **Контакт информации** | |
|---|---|
| | |
| Назив на организацијата | **Рурална Коалиција - Куманово** |
| Правен статус и вид на организација | **Здружение/граѓанската организација** |
| Датум на регистрација | **13.07.2013** |
| ЕМБС | **6882102** |
| Адреса | **с. Режановце, Куманово и Канцеларија – Скопје ул. Орце Николов бр. 29/6, 1000 Скопје и ул. 4-ти јули 184/10-1, 6250 Кичево** |
| Email адреса, website | **rkoalicija@gmail.com , www.rural.mk** |
| Телефон за контакт | **+389 78 303 735** |
| Website и социјални мрежи | **http://rural.mk/ https://www.facebook.com/profile.php?id=100011337212178** |
| Контакт лице | **Лилјана Јоноски, извршна директорка** |
| E-mail адреси на контакт лицето | **liljana.jonoski@gmail.com** |

| **Краток опис на оргнизацијата** | |
|---|---|
| Визија и мисија | **Визија:** Конкурентни и здружени граѓански организации во локалната заедница – двигатели кон цврста развојна земјоделска политика, унапредени социо-економски услови за квалитетен живот и одржлив рурален развој<br>**Мисија:** Унапредување на условите за создавање на одржливи рурални заедници преку вклучување и поврзување на сите чинители во секторот земјоделство и рурален развој, градење на капацитети, придонес кон рамномерен регионален развој и учество во креирање на локалната и националната аграрна политика |
| Географска област на делување | Национална организација која што делува во сите 8 плански региони (Североисточен, Југоисточен, Југозападен, Вардарски, Скопски, Пелагониски, Полошки, Источен) |
| Цели на организацијата во согласност со Статутот/клучни области на интервенција | 1. Подобрување на квалитетот на живеење на луѓето во руралните средини во Република Македонија,<br>2. Унапредување на демократските процеси и транспарентноста на државните и јавни институции, преку следење на реализацијата на програмите и средствата на државно ниво, кои се наменети за земјоделците и за развој на руралните подрачја<br>3. Јакнење на капацитетите, знаењата и можностите за делување во општеството на земјоделците и руралното население како и унапредување на степенот на социјална инклузија во општеството,<br>4. Влијание на политиките на национално и локално ниво, со цел да се овозможи рамномерен регионален развој во Република Македонија и еднакви можности за напредок на руралните средини,<br>5. Јакнење на капацитетите на организацијата и граѓанските организации - партнери на организацијата<br>6. Застапување на интересите на членовите, следење на состојбите кои ја засегаат целната полулација и известување за промените и последиците,<br>7. Социјален развој/социјално претприемништво и социјална интеграција на руралното население преку квалитетно неформално образование |

| | |
|---|---|
| | 8. Вмрежување со национални и меѓународни организации заради размена на искуства, пренесување на нови знаења и јакнење на моќта и влијанието на организацијата на национално и меѓународно ниво |
| Фокус области на делување на организацијата/програмска ориентација | Програмата на оваа невладина организација (НВО) е фокусирана на подобрување на квалитетот на животот на руралното население преку создавање, иницирање, реализација на акции за локален и регионален развој, социјална и економска инклузија, родова еднаквост, активирање на локалната заедница во решавањето на локалните проблеми итн. Исто така, организацијата презема активности за застапување и лобирање со цел да влијае на политиките на национално ниво, но и на локално ниво, а се со цел да се обезбеди рамномерен регионален развој во земјата и еднакви можности за рурален развој. РК како организација на 30 здруженија кои имаат експертиза во: земјоделско производство, сточарство; рурален развој и заштита на биолошката разновидност; прилагодување кон климатските промени; иновативни технологии во земјоделството; квалитетот на почвата, застапувањето и лобирањето, трансфер на знаење, мониторинг итн. заеднички развиваат програма која обезбедува едукација преку стручна обука, пренесување на знаења преку работилници / семинари, студиски посети, примена на нови технологии во производството, како и ставање во функција на најдобрите земјоделски практики. Исто така, како член на ИПА 2 механизмот РК е вклучена во процесот на креирање и застапување на предлози за програма на ЕУ (ИПА 2) за поддршка на македонското општество во секторот 7 - Земјоделство и рурален развој. Дел е од Советот за соработка помеѓу Владата и ГО, членка на ИПАРД мониторинг комитетот, дел од секторската работна група за локален и регионален развој во Министерството за локална самоуправа итн. |

| | |
|---|---|
| Кои се најчестиот вид на активности на организацијата | Обуки за потребите на земјоделците и руралното население, канцелариски и теренски истражувања и анализи, бесплатна правна помош, поврзување на институциите и руралното население, советодавни услуги, лоирање и застапување, анализа на националната и ЕУ правна легислатива, размена на искуства и традиционални практики, креирање на мрежи и поврзување помеѓу населението, институциите и бизнис секторот, работа на терен, подготовка на едукативни материјали, подобрување на квалитетот на услугите на институциите и адиминстрацијата која што е поврзана со секторот земјоделство и рурален развој, учество во ревизијата на стратегијата за јавна администрација, креирање на policy papers, јакнење на внатрешните организациски капацитети и стратешки развој на локалните грас рут организации итн. |
| Кои се целните групи на организацијата | *Целни групи: Фармери/производители на храна, земјоделски здруженија и задруги, млади и жени во рурални средини*<br>Руралната коалиција посветува внимание во рамките на своите активности да бидат вклучени различни групи на земјоделци (сточари, производители, рурално население) кои произведуваат храна и делуваат во рурални средини. Според принципот на родовата рамноправност и еднакви можности во секоја активност се ангажирани жените и младите како многу значаен фактор кои учествуваат во производството на храна и нивните напори многу често не ги земаат предвид носителите на семејните земјоделски стопанства, па во голем број на случи дури ни самото општество. Младите кои сé уште живеат во руралните средини се од големо значење за здружението како целни групи, бидејќи тие се луѓето кои ќе практикуваат нови иновативни технологии, трансфер на знаење итн. Локалните грас рут организации и придонес и поддршка кон нивниот развој и влијание во заедницата е исто |

| | |
|---|---|
| | така еден од стратешките приоритети во кои што делува Рурална Коалиција. |

**Листа на донатори и проекти**

| Донатор | Проект | Период на имплементација | Буџет |
|---|---|---|---|
| Метаморфозис фондација | Дигитализација во земјоделството - СЕГА | Декември 2020 – Јуни 2022 | 15.000 EUR |
| Центар за истражување и креирање политики | Родово одговорно буџетирање во секторот земјоделство и рурален развој | Ноември 2020 – Мај 2021 | 4.000 EUR |
| Civica Mobilitas | Грант за институционален развој | Јули 2020 – Јули 2022 | 58.800 EUR |
| Мрежа за рурален развој/We Effect | Родовата еднаквост – клуч за економски силна рурална заедница | Јуни – Ноември 2020 | 10.000 EUR |
| Civica Mobilitas | Ковид 19 и гласот на жената од руралната средина | Април – Јули 2020 | 2.500 EUR |
| Балканска мрежа за развој на граѓанското општество и Македонски Центар за меѓународна соработка) | Преку регулирана транспарентност и отчетност до партиципативна и одржлива Рурална Коалиција | Март – Август 2020 | 4.400 EUR |
| Младински образовен форум | Преку медиумска писменост до подобрени локални младински политики | Декември 2019 – Јуни 2020 | 6.753 EUR |
| Фондација Отворено Општество Македонија | Фундаментални човекови права и родова еднаквост – предизвик за практикување во руралните средини | Ноември 2019 - Април 2020 | 6.260 EUR |
| Мрежа за рурален развој | Активни жени во рурални средини – активно придонесуваат кон локалниот економски развој | Јули – Декември 2019 | 5.500 EUR |
| НВО инфоцентар и Транспарентност | Државното земјоделско | Јули – Декември 2019 | 7.000 EUR |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Македонија | земјиште во рацете на локалните олигарси или кај вистинските земјоделци | | |
| Европска Комисија | Вклучување на родовите перспективи во земјоделството и руралниот развој | Декември 2017-Јуни 2019 | 35.300 EUR |
| ALDA | Локалната заедница и општината заедно ја креираат стратегијата за локален економски развој | Март 2018 – Февруари 2019 | 8.000 EUR |
| Фондација Отворено Општество Македонија | Родовата перспектива и локалните ГО вклучени во креирањето на локалните политики за земјоделство и рурален развој | Јуни 2018 – Јануари 2019 | 7.420 EUR |
| Фондација Отворено Општество Македонија | Македонскиот аграр на патот кон ЕУ заедничката земјоделска политика – предизвици и можности | Јули 2018 – Октомври 2019 | 5.100 EUR |
| CNVP | Руралните општини и жителите заедно ја градат меѓусебната доверба и живот во локалната заедница | Септември 2018-Јануари 2019 | 6.100 EUR |

| **Административни и технички капацитети** | | |
|---|---|---|
| Информација за канцелариски простор на организацијата | Организацијата има сопствен простор | ✓ 30m$^2$ во село Режановце, Куманово |
| | Организацијата изнајмува канцеларија | ✓ 44 m$^2$ во Скопје |
| | Организацијата изнајмува канцеларија | ✓30 м2 во Кичево |
| Број на вработени лица | Повеќе од 5 години | **1** |
| | Повеќе од 3 години | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| | Помалку од 3 години | **1** |
| | | |
| Хонорарно ангажирани лица/волонтери | 2020 | **5** |
| | 2019 | **3** |
| | 2018 | **2** |
| | | |
| Број на членови на организацијата | 45 здруженија кои што работат во делот на оддржливо земјоделско стопанство, рурален развој и биодиверзитет, локален економски развој | |
| Број на активни волонтери | 12 | |
| Организациска структура | <br>Организацијата има Собрание како највисоко тело во процесот на донесување одлуки, како воспоставена организациска структура и тоа: Управен одбор со 5 членови и мандат од 4 години, Надзорен одбор од 3 членови, но и Совет во кој што членуваат експерти, професори и чиј што состав зависи од прашањето кое што се разгледува | |
| Членство на организацијата во национални и меѓународни мрежи | Прво, Руралната коалиција како структура е составена од граѓански организации/здрженија кои работат во областа на земјоделството и руралниот развој, животна средина и локален економски развој. Во моментот нивниот број е 45, а со 17 од нив постои потпишана платформа за заедничка соработка и интеграција. Исто така, Руралната коалиција е членка на Мрежата | |

| | | |
|---|---|---|
| | за рурален развој на РСМ, Граѓанска алијанса за транспарентност, Мрежа за финансиска одрживост на ГО; Мрежа за Отворено Владино Партнерство; Регионални: Југоисточна европска мрежа за социјална кохезија во земјоделскиот сектор и Балканија - мрежа за одржлив рурален развој и рурален туризам; АЛДА – Европска асоцијација за локална демократија; ИЦЕДА – Зголемување на граѓанското учество во процесот на реализација на Дигиталната агенда на државата, Регионална Мрежа за Родово Одговорно Буџетирање, Балканска Мрежа за рурален развој итн. | |
| **Буџет на организацијата** | | |
| Информација за годишен буџет на организацијата | Годишен буџет за 2020 | **3.074.839** |
| | Годишен буџет за 2019 | **2.510.664** |
| | Годишен буџет за 2018 | **4.720.815** |
| Влијание на организацијата во општеството и постигнати промени | Рурална Коалиција воведе еден нов пристап во соработка со партнерските здруженија во секторот кој го застапува, сакајќи да се отргне од класичното претставување на организациите кои преку плаќање на членарина во одредена национална организација ќе имаат влијание во носење на одлуки, или пак ќе доминира одредена политичката провиненција.<br>Рурална Коалиција во првите години се базира на принцип на искажан интерес на другите здруженија да партиципираат во работата и заеднички да се градат ставови заштитувајќи ги интересите на членството во поединечните здруженија. Се одржуваат редовни контакти со партнерските здруженија, се вкупно 45.<br>Како организација во рамките на своето работење успева да изготви бројни анализи и брошури, а и да го наметне конкретно прашањето за начинот на распределба на субвенциите со оглед на социјалниот и економскиот досегашен раст на цената и квалитетот на земјоделските производи, алармира на повеќе пати до институциите и до јавноста за потребата од здружување на земјоделците и нивна економска активност, а моментално работи и на предлог измени и мерки за поуспешна имплементација на законот за земјоделство и рурален развој, потоа се вклучува во анализата и на други закони како тој за здруженија и фондации, законот за кооперативи, законите кои што го регулираат | |

| | |
|---|---|
| | финансиското и сметководствено работење на ГО итн.<br>Руралната коалиција веќе е препознатлив партнер на земјоделците, и локалните граѓански организации па проблемите, предизвиците кои што тие ги имаат редовно ги доставуваат на разгледување и решавање до организацијата. Исто така, во делот на лобирање и застапување РК постојано се консултира околу правната регулатива, а досега веќе и неколку пати со свои предлози истапила до надлежните институции.<br>Благодарение на здруженијата-членки на Коалицијата кои што ги има од секој плански регион на РМ, РК полека, но сигурно прераснува и во цврста национална организација. |